СОВЕТ НА ГРАД  СКОПЈЕ

Предлагач:-сов.група на ВМРО ДПМНЕ

**П Р Е Д Л О Г  -  О Д Л У К А**

**за ослободување  од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ „Блаже Конески“ во Општина Аеродром**

Скопје, 2024  година

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 05/02), а во врска со член 59 став 12 од Законот за градење (“Службен весник РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и “Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20, 227/22), Советот на о Град Скопје на ................ седница, одржана на ....2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ „Блаже Конески“ во Општина Аеродром**

Член 1

Со оваа одлука инвеститорот Општина Аеродром се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за доградба на ООУ „Блаже Конески“ во Општина Аеродромна ул. „Венјамин Мачуковски“ бр. 4, , ДУП за градска четврт И 11 блок 2, ГП 8.2, КП 704/1, КО Кисела Вода 2.

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука претставуваат дел од вкупниот надоместокот за уредување на градежното земјиште во висина од 60% наменет за Градот Скопје.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје”.

Претседател на Совет

О б р а з л о ж е н и е

Во член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 05/02) се утврдени надлежностите на Советот на единиците на локална самоуправа.

Во член 59 од Законот за градење (“Службен весник РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и “Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20, 227/22), е утврдена постапката за издавање одобрение за градење и регулирањето на надоместокот а уредување на градежно земјиште, каде во став 12 се предвидува и актот врз основа на кој барателот, односно инвеститорот се ослободува од плаќање на надоместокот.

Општина Аеродром отпочна со постапка за доградба на ООУ „Блаже Конески“ во Општина Аеродром. Имајќи го предвид јавниот интерес за конкретниот објаект - основно училиште, а заради обебедување на потребната документација во постапката за добивање на одобрение за градење, предлагаме да се разгледа и усвои оваа предлог - одлука.

сов.група на ВМРО ДПМНЕ